– АСОЦИЈАЦИЈА НА ПРОФЕСИОНАЛНИ
ЗДРУЖЕНИЈА НА МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ,
АКУШЕРКИ И ТЕХНИЧАРИ НА СЛОВЕНИЈА



# Терминолошки речник на основни поими од областа на здравството и акушерството

– АСОЦИЈАЦИЈА НА ПРОФЕСИОНАЛНИ
ЗДРУЖЕНИЈА НА МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ,
АКУШЕРКИ И ТЕХНИЧАРИ НА СЛОВЕНИЈА

# Терминолошки речник на основни поими од областа на здравството и акушерството

Работниот материјал е наменет за подготовка на кандидати кои го полагаат стручен тест по словенечки јазик за здравствени работници и медицински соработници од областа на здравството и акушерството.[1]

[1] Работниот материјал е изготвен врз основа на терминолошки речник од областа на здравството и акушерството изготвен од работната група за терминологија при Комората за здравство и акушерство на Словенија – Асоцијација на професионални здруженија на медицински сестри, акушерки и медицински техничари на Словенија (Асоцијација - здружение). Покрај Александра Саша Хорват и Невенка Медије, во работната група повремено учествуваа и членовите: Нада Вигец, Мирјам Марн, Аленка Крист и Гордана Њениќ. Во 2023 година стручните соработници на Зборница - Асоцијација додадоа неколку нови термини. Работниот материјал се надополнува.

**Терминолошки речник на основни поими од областа на здравството и акушерството**
Работен материјал

Издавач: Комора за здравство и акушерство на Словенија – Асоцијација на професионални здруженија на медицински сестри, акушерки и здравствени техничари на Словенија

Главна и одговорна уредничка: Моника Ажман

Автори: Александра Хорват, Невенка Медија, Нада Вигец, Мирјам Марн, Аленка Крист, Гордана Њењиќ, Драгица Штромајер, Андреј Војнович, Сања Арнаутовиќ

Дизајн: Комора за здравство и акушерство на Словенија – Асоцијација на професионални здруженија на медицински сестри и акушерки на Словенија

Љубљана, 2024 година

1. онлајн верзија

Каталогизација во публикација (CIP) од Национална и универзитетска библиотека во Љубљана
COBISS.SI-ID 182079747
ISBN 978-961-273-271-4 (PDF)

# А

**адаптација** – приспособување на лицето на новонастаната ситуација или на нови, различни услови: адаптација на пациентот на живеење со болеста, адаптација на пациентот по ампутација на екстремитет, адаптација на специјалист по **здравство и акушерство** (натаму во текстот **ЗиА**) на изменет начин на работа

**агресивен** – насилен, нападен човек: пр. пациент може да биде вербално или физички агресивен кон друго лице, предмет или животно - хетероагресивен, може да биде кон себе - автоагресивен; зборот не се користи само во негативна контација, туку и во позитивна смисла (види под наметлив)

**акредитација** – акредитацијата на здравствената установа е формална постапка при што надворешна институција оценува и пресудува дали здравствената установа ги исполнува претходно изготвените и објавените стандарди за квалитет и безбедност заради постојано подобрување на квалитетот и безбедноста на здравствениот третман

**активно слушање** – активно слушање: слушателот (ЗиА експертот) го охрабрува говорникот (пациентот) да се изразува вербално – со прашања и повратни информации, а исто така и невербално – со мимики и гестикулации, постојано давајќи му на знаење дека навистина слуша, слуша со разбирање, и истовремено проверува дали говорникот (пациентот) ја слушнал и разбрал неговата порака

**акутно болничко лекување** – вклучува здравствени услуги и состојби кои бараат прием на пациентот во болница заради следење на неговата здравствена состојба најмалку 24 часа

**алгоритам** – правило што го утврдува видот и редоследот на активностите на здравствените работници заради постигнување на што е можно поголема корист за пациентот; алгоритам за реанимација, алгоритам за постапување со пациент за кој има сомнение дека е заразен со вирусот H1N1, SARS-CoV-2, алгоритам за грижа на новороденче по породување

**алтернативна медицина, исцелување** – неповрзана група на неконвенционални постапки; методите на алтернативната медицина наспроти методите на традиционалната медицина, најчесто немаат докажани ефекти; следниве медицински системи се користат при исцелувањето (традиционална кинеска медицина, Ајурведа - традиционална индиска медицина, хомеопатија, други лекарства)

**амбуланта** – јавна или приватна организациона единица на здравствена установа за здравствена заштита на пациенти која не подразбира сместување во постела; вообичаено пациентите доаѓаат во амбуланта за прегледи и/или за лекување од дома, по своја потреба или по упат на матичен лекар:

> **амбуланта со самонаплата** – амбуланта што нуди општи и/или специјалистички здравствени услуги надвор од јавното здравство каде што пациентот самиот ги плаќа услугите, делумно или целосно
> **специјалистичка амбуланта** – амбуланта што нуди специјалистички здравствени услуги наменети за длабинска дијагнозстика и третман на болести или здравствени состојби, како и за амбулантска рехабилитација: оториноларинголошка, дијабетолошка, анти-беснило, дерматолошка амбуланта
> **општа амбуланта** – амбуланта што нуди општи здравствени услуги; наменета е за сеопфатна и постојана здравствена заштита на населението

**амбулантски третман/преглед/советување** – збир на активности поврзани со третман/преглед/закрепнување/советување, кои ги изведува лекар или медицинска сестра во присуство на лекар и кои се просторно и временскии поврзани со даден амбулантски пациент пр., лекарска ординација или домот на пациентот

**амбулантски пациент** – лице упатено во амбуланта за примарна здравствена заштита или на болница и што користи дијагностички и терапевтски услуги, но не зафаќа редовен или посебен болнички кревет

**анализа** – систематско расчленување на дадена единица или целина на своите составни делови: анализа на психофизичката состојба на пациентот, анализа на ЗиА потребите на пациентот, анализа на условите и ЗиА-активности (кадар, опрема на установата), анализа на теоријата на сестринството според Доротеа Орем

**анамнеза** – податоци за пациентот кои ги собира медицинско лице пред почетокот на здравствениот третман врз основа на одговорите дадени од пациентот на конкретни прашања – самоанамнеза – или одговори од лице што го познава пациентот, пр., неговите роднини и/или друг медицински стручњак – хетероанамнеза; историјата е важна за лекувањето и за спроведувањето на ЗиА дејноста:

- **акушерска анамнеза** – податоци за пациентката (бремена, родилка, жена со деца): податоци за бременоста, породувањето и за постпарталниот период; податоци за тоа дали пациентката останала бремена по природен пат или со медицинска помош, дали породувањето било извршено со царски рез, дали пациентката има проблеми со доење
- **семејна анамнеза** – податоци за појавата на одредени болести во семејството: појава на рак, кардиоваскуларни и други хронични незаразни болести, наследни болести и наследни особености
- **медицинска анамнеза** – податоци за пациентот што му помагаат на лекарот да утврди медицинска дијагноза: тековни здравствени проблеми и болести на пациентот, болести што ги поминал во детството, начинот на живот, какви било пороци, возраста на пациентот
- **сестринска анамнеза** – податоци што укажуваат на тоа дали пациентот има или нема сила, волја и знаење за извршување на основните животни активности: податоци што ни кажуваат дали на пациентот му треба или не му треба помош да стане, дали пациентот со дијабетес е способен, или не е, да го контролира нивото на шеќер во крвта, дали пациентот е способен, или не е, да се грижи за себе по излегувањето од болница
- **социјална анамнеза** – податоци за социјалната состојба на пациентот: семејна состојба, станбена состојба, ситуација на работното место

**анкета** – добивање, собирање одговори и/или мислења со помош на анкетен прашалник; анкетата, по правило, е писмена и анонимна и наменета е за одредена целна група на луѓе; анкетата е метод на истражувачка работа со чија помош се проучува предметот на истражување: анкета за навиките во исхраната на пациентите, анкета за примена на хормонска контрацепција кај тинејџери, анкета за појавата на пушење кај здравствени работници

**анти-самоубиствен пакт** – договор меѓу психотерапевт и неговиот пациент или клиент за тоа дека нема да се обиде да изврши самоубиство меѓу терапија и сесија; ако клиентот или пациентот не може да го одржи договорот, тој се обврзува да побара помош од психотерапевт или друго стручно лице (побарај помош од психијатар, користи итен телефонски повик итн.)

**наметлив** – човек што се изразува, се наметнува себеси; агресивен во позитивна конотација: наметлива личност (експерт за ЗиА) која ги потврдува своите права и ги задоволува своите потреби, желби и барања, водејќи сметка за другите луѓе (пациенти, колеги) и не ги лишува од нивните потреби, желби и барања и не ги нарушува нивните права, но не дозволува да му ги прекршуваат правата и да му го ускратат остварувањето и задоволувањето на неговите потреби, желби и барања; при активности за постигнување на своите цели, наметливиот човек е јасен и решителен, ги поткрепува своите постапки и одлуки со основани причини и докази, сочувствува со другите, ги прифаќа нивните различни ставови, умее да прави компромиси и во посебни околности може да се откаже од својата цел

**автономија** – самосталност, индивидуална независност; автономна единка која одлучува и постапува во согласност со своите убедувања или која не зависи од мислењето на другите при одлучувањето и однесување:

> **автономија на пациентот** – врз основа на информациите што ги добива од медицинскиот експерт за здравствената терапија, пациентот самостојно одлучува, во согласност со своите убедувања и независно од мислењето на лекарот; автономното одлучување и однесување е основно право на пациентот
>
> **автономија на специјалистот по ЗиА** – ЗиА специјалистот самостојно одлучува и постапува, врз основа на своите професионални компетенции и етички начела, за доброто на пациентот; автономијата на ЗиА специјалистот не е апсолутна и е ограничена со автономијата на пациентот – во етиката на негата, автономијата не се сфаќа како независно одлучување од страна на специјалистот за ЗиА, туку специјалистот за ЗиА донесува одлуки врз основа на комуникацијата и договорот со пациентот и со другите членови на тимот

# Б

**акушерски тим** – монодисциплинарна стручна група од областа на акушерството; се состои од дипломирана акушерка и медицинска сестра-акушерка

**акушерство** – самостојна професионална област на акушерки; вклучува грижа за жени од сите возрасти за одржување или обновување на нивното репродуктивно и гинеколошко здравје; ги третира жените за време на нормална бременост, породување и постпартален период, како и новороденчето, доенчето и нивните семејства

**Biomedicina Slovenica** – најсеопфатна библиографска збирка на стручни и научни статии од областа на биомедицината во Словенија

**болка** – локализирано, непријатно до неподносливо чувство поврзано со физички или ментални нарушувања во функционирањето на организмот

**болест** – 1. болест или нарушување на функцијата на телото или на одредени ткива, органи, системи; болеста се разликува од повредата, бидејќи повредите се резултат на надворешни физички или хемиски агенси; 2. физиолошка или психолошка дисфункција

**медицински брат-негувател/медицинска сестра-негувателка** (натаму во текстот медицинска сестра-негувателка) е член на тимот на сестри; се грижи, најмногу за домови за повозрасни лица и во други установи за социјална заштита; медицинската сестра има завршено тригодишно средно стручно образование, практика и стручен испит; за да може самостојно да работи тој/таа мора да биде запишан во Здравствениот и акушерски регистар при Комората - Асоцијацијата

**боледување** – трајно или времено отсуство од работа поради болест, повредна на работно место или надвор од него, грижа или придружба на болен член од семејството или изолација

**болница** – јавна или приватна медицинска установа која нуди третман и здравствена заштита на пациенти со помош на болнички капацитети, соодветен кадар, опрема и

работна организација:

**клиника** – основна организациска единица на универзитетска болница или независна медицинска установа на терцијарно ниво на здравствена заштита за најсложените специјалистичко-амбулантско и болничко лекување; установа за научноистражувачка и образовна работа: Универзитетска хируршка клиника во Љубљана, Универзитетска гинеколошка клиника Љубљана, Универзитетска психијатриска клиника Љубљана

**клинички институт** – самостојна здравствена установа или одделение во болница, која спроведува научно истражување за потребите на здравствената заштита и на универзитетот (Медицински факултет, Факултет по здравство), образование на здравствени работници и развој на здравствената професија; по правило, не располага со болнички кревети при вршењето на својата дејност: Клинички институт за клиничка хемија и биохемија УКЦ Љубљана, Клинички институт за радиологија УКЦ Љубљана, Клинички институт за онкологија Љубљана

**специјализирана болница** – јавна или приватна здравствена установа за третман и здравствена заштита на пациенти со специфични болести: Психијатриска болница Бегуње, болница Тополшица, Ортопедска болница Валдолтра

**општа болница** – јавна здравствена установа за лекување и здравствена заштита на пациенти од одреден регион; обезбедува здравствени услуги барем во областа на интерна медицина, хирургија, педијатрија како и гинекологија и акушерство: Општа болница Ново Место, Општа болница Словењ Градец, Општа болница Птуј

**болница за учење** – јавна здравствена установа која функционира и како основа за учење и образование на специјалисти од ЗиА како и на други здравствени работници: Општа болница Јесенице, Општа болница Изола, Општа болница Ново Место

**универзитетска болница** – јавна здравствена установа поврзана со универзитет, наменета за најсложени третмани и за здравствена заштита на пациенти од цела Словенија, како и за образовни и научноистражувачки дејности: Универзитетски клинички центар Љубљана, Универзитетски клинички центар Марибор

**болничка инфекција** – инфекција што се јавува во процесот на дијагностицирање, лекување или рехабилитација во болница или во друга здравствена

установа која врши здравствена дејност, како и во установа за социјална заштита; станува збор за болничка инфекција ако симптомите на пациентот се појавуваат повеќе од 48 часа по приемот на здравствен третман и помалку од 48 часа по излегувањето; болничката инфекција се пренесува преку индиректен или директен контакт со инфективен агенс: пр. инфекција на раната со M.R.S.A (Staphylococcus aureus отпорен на метицилин), инфекција на мочниот меур со E.coli (Escherichia coli), инфекција на крвта со V.R.E. (ентерокок отпорен на ванкомицин)

**болничко лекување** – хоспитализација; здравствен третман на пациент во еден или повеќе одделенија во болница, што започнува со прием и завршува со отпуштање, префрлување во друга здравствена организација или со смрт

# Ц

**вакцинација** – медицинска постапка која го активира имунолошкиот одговор на лицето/пациентот преку воведување на живи ослабени микроби, уништени микроби, индивидуални микробни молекули или mRNA на вакцината со цел да се создаде отпорност

**сертификација** – процес со кој независна институција писмено гарантира дека производот, процесот или услугата се усогласени со специфични барања

**сертификат** – документ со кој се потврдува дека се постигнати доволно можности (способности и услови) за извршување на одредена работа

**цел** – посакувана идна состојба за која оној кој одлучува, по свој или друг критериум, проценува дека вреди да се постигне

**CINDI** (**C**ountrywide **I**ntegrated **N**oncommunicable **D**iseases **I**ntervention **P**rogramme) – меѓународна интегрирана интервентна програма за превенција од хронични болести; Државна програма за унапредување на здравјето и превенција од кардиоваскуларни заболувања и други хронични незаразни болести; во рамките на СЗО функционира од 1984 година, а во Словенија започна во 1990 година

# Ч

**време за чекање** – очекуваниот период од влегувањето на листата на чекање до реалниот почеток на лекувањето, изразен во денови или месеци на **време на чекање** - разликата меѓу однапред договорено време за почеток на здравствена услуга и нејзиниот реален почеток, изразено во минути

**листа на чекање** - електронски или рачно водена база на податоци по редослед на последователно запишани пациенти кои чекаат третман или потврда за правото на здравствени услуги

**трибунал на честа** - независно тело на две нивоа во Комората - Асоцијацијата што идентификува, постапува и пресудува за прекршувањата на Етичкиот кодекс во здравствената заштита и Етичкиот кодекс на акушерките на Словенија, Статутот на Комората - Асоцијацијата и други неправилности во спроведувањето на ЗиА

# Д

**ризик-фактори** – фактори на ризик што ја зголемуваат веројатноста за развој на здравствени проблеми или болести што може да се спречат: пушењето - фактор на ризик за развој на рак на белите дробови; физичката неактивност и нездравата исхрана – фактори на ризик за кардиоваскуларни заболувања; употребата на психоактивни супстанции за време на бременост - фактор на ризик за неправилен развој на фетусот (Спротивни на ризик-факторите се заштитните фактори кои имаат корисен ефект врз здравјето и ја намалуваат веројатноста за појава на болести: редовна физичка активност за спречување на кардиоваскуларни заболувања, балансирана здрава исхрана за спречување на дебелина)

**деонтологија** – прописи што се темелат на етика и кои ги регулираат должностите на одредена држава или професија: пр. медицинска деонтологија, правна деонтологија

**диета** – исхрана што го одржува пациентот здрав или која заздравува и лекува или спречува одредени болести; во зависност од природата на болеста на пациентот, лекарот му ја пропишува диетата на пациентот во соработка со диететичар, кој го одредува соодветниот состав, количеството и бројот на оброците, како и начинот на нивното подготвување: диета за пациенти со срцеви заболувања, диета за пациенти со бубрежни заболувања, диета за слабеење

**дипломирана бабица/дипломирана акушерка** – (натаму во текстот: дипломирана акушерка) е давател на акушерска нега; има завршено првостепена (високообразовна) студиска програма по акушерство; акушерството е професионално поле кое се занимава со жени за време на редовна бременост, породување, постпартален период, новороденче и доенче со цел одржување или постигнување на најдоброто можно здравје на семејството; интервенира и во одредени области како репродукцијата, акушерството, гинекологијата, неонатологијата, општествените науки, бањските дејности, јавното здравје, етиката... за самостојно работење, дипломираната акушерка мора да е запишана во Регистарот на Зборница-Асоцијацијата и да има важечка лиценца за обезбедување независна акушерска нега

**дипломирана медицинска сестра/дипломирана практичарка** – (натаму во текстот: дипломирана медицинска сестра) е медицинска сестра во тимот на сестри и во медицинскиот тим; има завршено првостепена (високообразовна) студиска програма по здравствена заштита; ги определува потребите за здравствена заштита, ги поставува целите на интегрираниот пристап кон пациентот, планира, спроведува, оценува и ја документира заштитата притоа ги вклучува колегите во тимот на сестри и во медицинскиот тим; за да работи самостојно мора да е регистрирана во Комората - Асоцијацијата и да има важечка лиценца за самостојна нега

**дискриминација на пациенти** – несакана и недозволива дискриминација на пациенти од специјалисти за ЗиА и нивните колеги; ограничување или исклучување на еден или повеќе пациенти во корист на друг или други; дискриминацијата потекнува од непочитување или прекршување на етичките начела; пациентите се дискриминирани поради нивниот пол, раса, боја на кожа, возраст, религиозни или политички убедувања, сексуална

ориентација и некои други причини

**настан** – 1. самостоен, јасно дефиниран настан за кој може да се суди; 2. секое отстапување од вообичаената здравствена практика што му штети на пациентот или наметнува ризик од штета; вклучува грешки, несакани настани и опасности што може да се спречат; 3. нешто што му се случува на пациент или што вклучува пациент

**доенче** – дете до едногодишна возраст

**доктрина на дејноста** – научна доктрина или научна теорија на дејноста; теоретски насоки за правилно спроведување на активностите на ЗиА во практика

**документирање** – систем на писмено собирање, уредување, пренесување, евидентирање и користење на информации/ податоци; документирањето и известувањето пренесуваат информации за здравствената состојба на пациентот и за интервенциите насочени кон постигнување на целите на пациентот; документацијата е правен документ во судска постапка

**сестринска документација** – постојана евиденција од спроведување на сите фази од процесот на сестринска заштита според стручни наоди, упатства, протоколи и стандарди на сестринството; со сестринската документација се обезбедува евиденција за сите значајни промени во состојбата на пациентот и кај отстапките од предвидениот план за здравствена заштита, како и за ефектот од извршените активности

**долготрајна заштита** – претставува збир на мерки, услуги и активности наменети за лица кои поради последици од болест, слабост поврзана со возраста, повреди, инвалидитет, недостаток или губење на интелектуални способности во подолг временски период, кој не е покус од три месеци, или се трајно зависни од помошта на други лица во извршувањето на основните и помошните секојдневни задачи

**дом за повозрасни лица** - јавна или приватна установа за социјална заштита за долгорочно или времено сместување, здравствена заштита и грижа за повозрасни лица, по исклучок и за други целни групи на населението, кои од различни причини не можат сосема да се грижат за себеси, пр. инвалиди и други: Дом за повозрасни лица во

Фара Преваље, Дом за повозрасни лица во Фужина, Пензионерски дом Даница Вогринец, Марибор

**доносенче** – новороденче родено меѓу 37-та и 42-та недела гестациска старост

**ДОРА** – Државно организирана програма за скрининг на дојка заради рано откривање на рак на дојка кај жени над 50 години; скрининг-методот е мамографија или рендген на дојка

**второ мислење** – е мислење на еден или на повеќе други лекари за процена на одредена здравствена состојба или предвидено постапување при здравствен третман на пациент, со кое се потврдува, побива или менува оценката за одредена здравствена состојба или за предвидената постапка за здравствен третман на пациентот спроведен од лекарот што го лекувал

# Е

**ЕМА – European Midwifery Association,** Европска акушерска асоцијација – непрофитна и невладина организација составена од професионални здруженија и организации на акушерки од државите-членки на Европската Унија, Европската економска област и од државите-кандидатки за членство во Европската Унија. Асоцијацијата утврдува минимум стандарди за областа на ЗиА, организира постојана професионална обука за своите членови и дава важен и активен придонес во европската здравствена политика; бабиците и акушерките разменуваат искуства и дискутираат за теми поврзани со акушерството и репродуктивното здравје на жените на состаноците на ЕМА; Словенија е полноправна членка на ЕМА од 2004 година

**емпатија** – способноста на дадено лице да ги увиди чувствата на друго лице на сличен начин како што се чувствува самото лице, без при тоа да се идентификува со него; способноста на специјалистот за ЗиА да ги согледа чувствата и проблемите на пациентот без да се идентификува со него или без да ги преземе на себеси неговите чувства и проблеми; една од важните карактеристики или вештини кои мора да ги поседува

експертот за ЗиА за да може професионално да ја врши својата работа

**единица за интензивна терапија** – организациона единица во болницата што се грижи за најсложениот третман на пациентите чијшто живот е загрозен

**единица за интензивна нега** - организациска единица на болничко одделение или болничка организациска единица каде што се остварува интензивна нега

**ентеростомски терапевт/ка** – дипломиран лекар или дипломирана медицинска сестра, специјално обучен/и за лекување на пациенти со различни видови на стоми, фистули, рани од стрес и други хронични рани, како и за лекување на пациенти со инконтиненција

**етика** – исправност, морално учење; филозофска дисциплина која се занимава со човековото однесување во однос на доброто и злото; систем на начела за моралните должности на луѓето (кон ближниот, семејството, општеството); во контекст на етиката, во ЗиА-професијата се среќаваме со следниве поими:

**етичка дилема** – тежок избор меѓу две опции за акција или тешка одлука за еден од нив; по правило, ниту една од одлуките не придонесува за задоволително решение на проблемот; врз основа на своето знаење и искуство, експертот по ЗиА го избира решението што го носи помалото зло;

**етичка комисија** – мултидисциплинарна група на експерти која ја оценува етичноста на предлогот за истражување и неговиот тек и ја потврдува усогласеноста на истражувачките постапки со законските и етичките прописи; здравствените работници мора да добијат согласност од Етичката комисија за истражување во кое се вклучени пациенти и/или нивните роднини;

**етичко начело** – начело, упатство за етичко одлучување и однесување; етичките начела кои експертите на ЗиА мора да ги имаат предвид при постапување со пациенти се дефинирани со Словенечкиот етички кодекс за медицински сестри и здравствени техничари и со Словенечкиот етички кодекс за акушерки;

**етика на грижа** – филозофска дисциплина, теорија на професијата ЗиА која ја дефинира грижата на експертите на ЗиА за пациентот во најширока смисла

на зборот (задоволување на физичките, духовните, психолошките и социјалните потреби на пациентот); етиката на грижата е етиката на односот меѓу лицето кое се грижи и лицето кое добива грижа; ги вклучува сите активности на специјалистите по ЗиА чија цел е благосостојба на пациентот или неговото добро;

**етика на доблести** – теоријата на професијата ЗиА, која ги дефинира позитивните карактерни особини на експертите по ЗиА секаде и спрема секого – чесност, праведност, љубезност, сигурност, храброст итн.

**професионална етика** – професионален морал, настава по професионален морал; го насочува одлучувањето, дејствувањето и однесувањето на експертите на ЗиА на работното место и надвор од него; дефинирана е во Словенечкиот етички кодекс за медицински сестри и здравствени техничари и во Словенечкиот етички кодекс за акушерки

**е-здравје** – општа употреба на информатички и комуникациски технологии во превенцијата, дијагностиката, третманот и следењето на болести и при донесување одлуки за здравјето и начинот на живот; подразбира соработка меѓу пациентите и давателите на здравствени услуги, пренос на податоци меѓу институциите и заемно информирање меѓу пациентите и здравствените работници; опфаќа и здравствени информативни мрежи, електронски здравствени досиеја, телемедицина и комуникациски системи за следење на здравствената состојба што ја имаат пациентите на нивните тела

# Ф

**фетална смрт** – смрт на фетусот или фетусот пред раѓање

**плодност** – наталитет; бројот на живородени деца на 1000 жени во репродуктивен период (од 15 до 49 години) во одредено време и во одредена географска област

# Г

**гестација** – бременост (исто и гравидност)

**гестациска возраст** – возраста на ембрионот и фетусот во секое време од бременоста

**основна дејност** на деловен субјект – е онаа дејност што е регистрирана или утврдена со пропис или со акт за основање; доколку деловниот субјект врши една дејност, тоа е неговата основна дејност; доколку деловниот субјект врши повеќе дејности, неговата главна дејност е онаа со која остварува најголема додадена вредност

# Х

**справување** – ракување со промоцијата или поттикнување на нормалниот психомоторен развој кај детето или кај пациентот со невролошки заболувања или повреди; на почетокот, зафатите ги прават здравствените професионалци, а подоцна и децата или роднините на пациентот согласно со упатствата на здравствените работници

**хоспитализација** – прием на пациентот во болница и негово лекување во неа; здравствена заштита на пациент во единица со болнички кревети

**хоспитализам** – реакција на пациентот на долготраен престој во болница или во друга здравствена и социјална установа, којашто се манифестира во форма на физички и/или психички нарушувања кај пациентот; хоспитализмот е почест кај децата - особено во првата година од животот - како резултат на одвојување од нивната домашна средина и разделбата од мајката или родителите:

**душевен хоспитализам** – нарушено однесување, рамнодушност, одбивање да учествува во третманот;
**физички хоспитализам** – неконтролирани движења на телото и екстремитетите, детето повторно уринира иако знае да користи нокшир или тоалет, контрактури - мускулна контракција и слабост, повреда од притисок

**хоспитализиран пациент** – пациент примен во болница на здравствен третман

# И

**инцидент** (види исто така несакан настан, безбедносна отстапка) – 1. настан или околност што може да доведе или веќе довел до ненамерна и/или непотребна повреда на некое лице; 2. секое отстапување од нормалниот здравствен третман што предизвикал штета на пациентот или што претставува ризик од штета; содржи грешки, несакани настани коишто може да се спречат како и несреќи

**инциденца** – број на новодијагностицирани пациенти со одредена болест во одреден временски период и во одредена популациона група, пр. инциденцата на рак на дојка кај жените е бројот на сите новодијагностицирани пациентки со рак на дојка во една календарска година

**индикација** – потреба или причина за воведување одредени здравствени и медицински интервенции кои ги извршуваат здравствени работници врз основа на индикации - симптоми и околности на пациентот

**давател на здравствена заштита** – е јавна здравствена установа или друго правно или физичко лице кое дава здравствена заштита во согласност со законот со кој се уредува здравствената заштита

**давател на здравствена и акушерска нега** – е здравствен работник од областа на здравството и акушерството (пр. медицинска сестра-негувателка, техничар по здравствена заштита, дипломирана медицинска сестра, дипломирана акушерка)

**интензивна здравствена заштита** – непрекината, пообемна и понапорна заштита за оние пациенти на кои им е потребна делумна или целосна стручна помош во извршувањето на нивните основни животни активности; медицинските сестри имаат зголемена контрола над пациентите со помош на соодветни медицински помагала; интензивната заштита исто така вклучува поединечни дијагностички и терапевтски интервенции, како и

здравствена едукација и социотерапевтска работа

**интензивна терапија** – најсложен третман, кој на пациентите чиј живот е во опасност им обезбедува поддршка за ослабената функција на одреден витален орган или систем на органи, или ја заменува изгубената функција; специјално обучени здравствени работници, со помош на соодветни медицински помагала, имаат постојан надзор над пациентите над кои спроведуваат напорна и обемна дијагностичка и терапевтска програма

**интердисциплинарен тим** – е тим составен од експерти од различни дисциплини, каде областите на одговорност се јасно дефинирани според стручниот профил и образованието на поединецот; во ваквиот тим, експертите заедно и во меѓусебна соработка решаваат заеднички проблем, но сепак од специфична ориентација поврзана со нивната професија; тимското раководство, овластување и одговорност се доделени на професионалецот кој најдобро одговара за да се справи со одредена клиничка ситуација, која може да варира од случај до случај

**интервенции** – се сите активности на давателите на здравствена и акушерска нега (постапки и интервенции) кои се неопходни за спроведување на планот за сестринска заштита

**подобрување на системот** – резултатите или исходот од културата, процесите и структурите насочени кон спречување на недостатоците на системот и на подобрување на безбедноста и квалитетот

**прегорување** – долгорочна состојба на крајна психофизичка исцрпеност; прегорувањето може да биде предизвикано од прекумерен стрес, но произлегува од карактерните особини на поединецот, особено од самоевалуацијата на работниот ефект; прегорувањето се изразува во различни симптоми, вклучувајќи губење на мотивација за работа, хроничен замор кој не исчезнува дури и по одмор, нарушена концентрација, отсуство на емоции, депресија; крајниот резултат на процесот на самоисцрпување поради прекумерна активност е психофизичкиот слом

**исход за пациентот** – влијанието врз пациентот што се припишува целосно или делумно на инцидентот
**даватели на здравствени дејности** – се домашни или

странски правни и физички лица кои се стекнале со дозвола за вршење здравствена дејност од министерството надлежно за здравство

**давател на ЗиА услуги** – здравствен работник кој работи во областа на ЗиА, има завршено соодветно формално образование од програмите за ЗиА и ги исполнува другите пропишани услови

# К

**кахексија** – состојба на тешка општа физичка слабост или општа слабост кај пациентот; може да се должи на одредени болести, труење или изгладнетост

**кахектичен** – пациент со кахексија

**квалитет** – степенот до кој здравствените услуги за лице или за населението ја зголемуваат веројатноста за посакуваните здравствени исходи и се во согласност со најновото стручно знаење

**квалитет во здравството** – карактеристика на здравствената заштита според која проценуваме дали одредена грижа ја постигнала својата цел или не, и дали исходите од третманот, кои се споредливи со стандардите или најдобрите практики, се доследно озбезбедени

**квалитет на здравствен третман** – е здравствен третман кој на поединците и на населението им ги обезбедува посакуваните исходи од лекувањето во согласност со тековните стручни знаења; е континуиран напор на сите – даватели на здравствени услуги, здравствени работници и здравствени соработници, пациенти и нивните роднини, истражувачи, плаќачи, планери и едукатори – да направат промени кои ќе доведат до подобри здравствени резултати за пациентите, до поголем ефект на системот и подобар развој на стручњаци

**период на повлекување** – целосно ограничување на јадење и пиење течности преку уста на одредено време поради дијагностички или терапевтски интервенции, пр. пациентот не смее да внесува ништо преку уста одреден временски период по операцијата на гастроинтестиналниот тракт

**картичка за здравствено осигурување** – компјутерски читлив личен документ за остварување на правата од здравствено осигурување во Република Словенија; го има секој граѓанин кој плаќа придонеси од задолжително здравствено осигурување

**индикатор за квалитет** – е статистичка или друга мерлива единица која укажува на успешноста на здравствениот третман, успешноста на давателите на здравствени услуги и на здравствениот систем и претставува основа за следење, евалуација и подобрување на квалитетот на здравствениот третман; се мери падот на бројот на пациенти на илјада дена нега, бројот на рани од стрес на илјада хоспитализирани пациенти што се појавиле за време на хоспитализацијата, бројот на мајки кои пречесто ги дојат своите новороденчиња по излегувањето од породилиштето

**клиничка патека** – стандарден план, низа активности за спроведување на сеопфатен, висококвалитетен, безбеден и научен здравствен третман заснован на докази на пациенти со одредена болест или со планирана специфична интервенција, со цел да се постигне оптимален исход: пр. клиничка патека за управување со пациент со меланом, клиничка патека за управување со пациент со ласерско склерозирање на проширени вени на долните екстремитети, клиничка патека за управување со пациент со рак на желудник

**клиничка средина** – е средина каде што се спроведува здравствен третман на пациент

**Етички кодекс за акушерки на Словенија** – е донесен од Комората - Асоцијацијата и е кодекс на етички начела и правила наменет и обврзувачки за сите кои работат или се едуцираат во областа на акушерската дејност (акушерство)

**Етички кодекс за сестринството на Словенија** – е донесен од Комората - Асоцијацијата и е кодекс на етички начела и правила, наменет и обврзувачки за сите оние кои работат или се едуцираат во областа на сестринството; кодексот претставува водич во формирањето на професионални, етички и морални ставови и вредности, основа за етичко одлучување, помага во аргументирањето на овие одлуки и овозможува етичко размислување за стручната работа

**група (COHORT)** – група на лица со заедничка статистичка карактеристика; статистички поим за репрезентативен примерок на луѓе од популација опфатена со истражувањето и која се следи неколку последователни години со цел да се набљудува појавата, исчезнувањето и промената на одредени појави кај оваа група на население

**компетенција** – претставува збир на знаења и вештини за реализација на поставени цели и значи предности во исполнувањето на мисијата на нашата работа; компетенции на лицето за извршување на одредена работа се: знаење, способност, мотиви, сопствената слика за себеси и вредностите; компетенциите може да се сфатат како способности и умешности кои се неопходни за медицинските сестри да можат успешно и ефикасно да извршуваат одредена работа или улога; покрај капацитетите, способностите, вештините и знаењата, компетенциите вклучуваат и мотивација за одредена задача, личен стил и психолошки однос кон себеси

**компетентност** – ја изразува докажаната способност на давателот на услугата за ЗиА правилно да користи знаење, вештини и обука или квалификација во професијата; компетентноста ги вклучува сите знаења, вештини и способности неопходни за извршување на задачите за ЗиА, кои изведувачот ги стекнал преку формално образование, дополнителни знаења, специјализација и од практичната работа

**концесија** – службена дозвола издадена од државата или од локалната заедница на правно или физичко лице според граѓанското право за вршење на здравствена дејност, пр. патронажни медицински сестри кои обезбедуваат патронажна здравствена заштита

**концесионер** – домашно или странско, физичко или правно лице кое самостојно врши дејности и ЗиА-услуги врз основа на одлука на надлежен орган

**контраиндикација** – причина за одложување на одредени здравствени и медицински интервенции кај пациент поради неговата здравствена состојба и околностите

**координирање случаи** – координација и/или управување со спроведувањето на ЗиА-активностите и здравствена

заштита на групи пациенти со споредливи дијагнози со цел да се обезбеди најквалитетна ЗиА и здравствена заштита по најниски можни трошоци, со соработка на сите учесници во здравствениот систем

**координатор/координаторка на случај** – координатор и/или раководител на спроведувањето на ЗиА и здравствена заштита на групи пациенти со споредливи дијагнози; специјално дипломирана медицинска сестра или дипломиран лекар, дипломирана акушерка или дипломиран акушер

**прекршување** – намерно отстапување од работната постапка, стандард или правила

**квалификации** – значи целина на стручно, професионално или универзитетско образование и професионални квалификации што едно лице ги стекнало преку програми за образование и обука во државите-членки на ЕУ, врз основа на кои добило право да практикува професија или професионална дејност во поединечна држава-членка на ЕУ, како и секое професионално искуство стекнато при вршењето на професијата или професионалната дејност во ЕУ

**безбедносна култура** – 1. е збир на вредности, ставови, перцепции, вештини, начини на однесување и стилови на лица и групи; се работи за заедничко однесување и однос на раководството и кадарот кон безбедноста, безбедниот здравствен третман, безбедноста на системите и постапките на организацијата; 2. средина каде што лицата можат да пријават грешки или речиси грешки без страв од казна или дека ќе бидат обвинети

# Л

**лиценца за самостојно вршење на дејност** – е лиценца за самостојно вршење на здравствена дејност, која од областа на здравствената и акушерската заштита се обновува на секои седум години врз основа на докази за континуирано стручно усовршување; за да се обнови лиценцата, дипломирана медицинска сестра и дипломираната акушерка мора да добијат 70 лиценцни поени во рок од седум години и да ја исполнуваат

задолжителната содржина на континуираното стручно усовршување

# М

**медијација** – посредување и помош на независна и непристрасна трета страна во решавање на спор меѓу две или повеќе инволвирани страни со цел да се најде задоволително и прифатливо решение за сите вклучени лица

**медицина** – во поширока смисла, тоа е наука и дејност за спречување и лекување болести и за рехабилитација на здравјето на луѓето, но во потесна смисла е поврзана со лекарската дејност

